2101-2м

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. 21-596/3
15.04.2021 година
Скопје

ДО
**Државна комисија за спречување на корупција**
**Ул.„Даме Груев“ бр.1, 1000 Скопје**

Предмет:Достава на податоци на овластено лице за прием на пријави од укажувачи

Почитувани,

Согласно Законот за заштита на укажувачи Ви доставуваме податоци за овластено лице за прием на пријави од укажувачи ( заштитено внатрешно и надворешно пријавување ):

- Ацо Костов
- Директор
- 02 5517-700
- Ул. „Павел Шатев“ бр. 3
- a.kostov@uzkn.gov.mk

Со почит,

**Директор,**
***Ацо Костов***

Изработил: И. Тасевска


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев“ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

4101-25-

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
Бр.-Nr. 21 - 596/2
15. 04 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за култура - Ministria e Kulturës
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено E pranuar | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. Org. | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| | | | |

Бр.
15.04.2021 година

Врз основа на Заклучокот од 50-та седница на Влада на Република Северна Македонија, точка 83, одржана на 2 март 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција каде што беа задолжени сите органи на државна управа да донесат годишен план за спречување на корупцијата соодветен на нивната надлежност, согласно член 144-б од Законот за заштита на културното наследство( Сл.Весник на РМ" бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18) Директорот на Управата за заштита на културното наследство донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општество, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борбата против корупцијата да биде постојана обврска на секој граѓанин. Главна задача на Управата за заштита на културното наследство (во натамошниот текст УЗКН) за 2021 година ќе биде навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за отстранување на ризците и санкционирање на сторителите. УЗКН ќе одговори на потребата да изнајде соодветен и ефикасен начин за спречување со корупцијата во сопствените редови. УЗКН долгорочно на превентивен и репресивен начин ќе ги оспособува и ќе ги јакне нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупција и ќе настојува да воспостави, да развива и да применува ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција. За реализација на оваа цел неопходна е поддршка од заедницата и од раководниот кадар во УЗКН кои ќе промовираат висок степен на интегритет и нулта толеранција на корупција, како и активно спротиставување на корупцијата.

Антикорупцискиот план на УЗКН има за цел да воспостави систем на мерки што ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, на условите и на факторите.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2021 година ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалните интегритет на вработените од коишто се очекува при извршување на задачите од овластувањата да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитети, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста. Обврска на сите вработени е при


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage
ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

извршувањето на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во УЗКН. Потребен е секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да и се спротистави на корупцијата. Никој не смее да биде исклучок при утврдување одговорност за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, да го ограничува или на кој било начин да го разводнува процесот на утврдување на одговорност.

Формите на корупција на УЗКН се препознаваат преку:

- Непочитување на стандардните постапки и процедури
- Злоупотреба на службената положба и овластување заради дирекно или индирекно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг.
- Постапување или непостапување на вработените во УЗКН при вршење на службените задачи и овластувања, за што како возврат прибавуваат (бараат) за себе или за друг некаква корист (или прифаќаат некаква) корист, погодност, интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета;

УЗКН во 2021 година борбата против корупцијата ќе ја реализира преку превентивен и репресивен пристап со јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана. Во рамките на превенција ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни, нормативните решенија, институционалата рамка, ефикасната примена на законите, иституционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

Програмски активности и мерки за спречување на корупцијата

Антикорупциските активност ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на службениците преку доследно почитување на законската и подзаконска регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во УЗКН.
Имајќи го предвид наведеното, антикорупциската програма на УЗКН за 2021 година, особено внимание ќе посвети на:

- Превенција од аспект на отстранување на условите што овозможуваат корупција
- Професионалицазија, департизација и деполитизација на вработените во УЗКН


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage
ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

- Јакнење на интегритетот на вработените во УЗКН
- Доследно почитување на Кодексот за админстративните службеници
- Репресија како алатка за санкционирање на корупцијата и другите злоупотреби на овластувањата

Во контекст на наведеното, приоритетни цели за 2021 година ќе бидат:

1. Почитување на Уставот и законите
2. Почитување на антикорупциската политика и политика на интегритет
3. Почитување на Кодексот на административните службеници
4. Меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата и криминалот
5. Спорведување проценка за ризик од појава на корупција на работните места
6. Донесување на пропишани процедури за работа на работните процеси во УЗКН
7. Професионализацаија и департизација и деполитизација во УЗКН
8. Преземање превентини активност кон нововработените службеници
9. Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријавата корупција
10. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки
11. Зајакната контрола и надзор врз постапките за издавање на одобренија/уверение/ решение во управана постапка
12. Зајакната контрола и надзор врз работата на Сектор за инспекција и превенција на културното наследство
13. Јакнење на принципите на отчетоност и транспаренентност во работење на УЗКН
14. Овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер
15. Почитување на роковите за решавање на предмети од надлежност на УЗКН
16. Преземање на дисциплиски мерки против лица кои се однесуваат корутпивно, недозволиво, незаконито и неетично.

ПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ ЗА АДМИНСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО УЗКН

Потребно е секој службеник да има висок степен на познавање на Кодексот за админстративните службеници, во којшто е утврдено дека службениците не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист и имаат обврска да се спротиставуваат на сите форми на корупција во рамки на УЗКН.

ЈАКНЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА УЗКН

Вработените во УЗКН при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот поредок и со нивниот статус да предизвикаат судри на интереси.

Исто така потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност отчетност и транспаретност. Потребна е внимателна анализа на ризиците и на ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage
ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

службените работи, за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Како обврска јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес на УЗКН, потребно е преку разни комуникациски форми да овозможува пристап до информации за сите претставници од медиумите и другите заинтересирани страни, водејќи се од начелото на транспареност, отчетност и недискриминација. УЗКН и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи, работни средби од дневни настани што се поврзани со работата на УЗКН на веб страницата.

Изработил: М.Димоска

Директор,
Ацо Костов


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk